**РЕЗИМЕ НА ПРОЕКТОТ**

| | |
|---|---|
| **Област** | **Развој на туризмот** |
| **Наслов на проект** | **Крушево и Елбасан – патување во природа и авантура** |
| **Вид на договор/категорија** | Договор за грант |
| **IPA Компонента (национална или регионална)**<br><br>**Програмска година** | Програма за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА III) – алокации за 2022 година. |
| **Водечки апликант и коапликанти** | <u>Водечки апликант:</u><br><br>Општина Крушево<br><br><u>Коапликанти:</u><br><br>Општина Елбасан<br><br>Центар за одржлив развој АЛКА<br><br>Тјетер Визион (Tjetër Vizion – TVO) |
| **Контекст на проектот** | Општините Крушево (Северна Македонија) и Елбасан (Албанија) успешно соработуваа во рамките на ИПА Програмата за прекугранична соработка преку проектот „Крушево и Елбасан – Препознатлива прекугранична туристичка дестинација“ (јануари 2022 – јуни 2024 година). Со проектот беше подобрена туристичката инфраструктура, беше креиран заеднички туристички пакет, а истовремено беа зајакнати промоцијата и капацитетите на локалните чинители. Преку детална анализа и изработка на маркетинг стратегија беа идентификувани клучните приоритети за развој на двата региони.<br><br>Надоврзувајќи се на овие резултати, партнерите имаат за цел да ги позиционираат Крушево и Елбасан како водечка дестинација за одржлив и авантуристички туризам, искористувајќи ги нивните заеднички културни и природни вредности.<br><br>Крушево е планински град препознатлив по својата историја, богато културно наследство, живописните природни предели и светски познатото полетувалиште за параглајдерство Мечкин Камен, кое во 2026 година ќе биде домаќин на Светскиот јуниорски куп во параглајдерство. Елбасан, со своето богато римско и османлиско културно наследство, го развива подрачјето на Фунарските Езера (Funar Lakes) како регионален центар за планинарење, велосипедизам, параглајдерство и кајакарство. |

| | |
|---|---|
| | Овој проект одговара на предизвиците идентификувани преку претходната анализа, а тоа се:<br><br>• Недостатоци во инфраструктурата – потреба од подобрување на инфраструктурата за активности на отворено, пристапноста и туристичките содржини во Крушево и областа Фунар.<br>• Развој на вештини и капацитети – потреба од унапредување на знаењата и практиките за одржлив, циркуларен туризам и намалување на отпадот кај локалните туристички претприемачи.<br>• Маркетинг и промоција – потреба од поголема видливост и насочена промоција на регионалните туристички пазари.<br>• Вмрежување и соработка – потреба од воспоставување структурирана прекугранична туристичка мрежа која ќе го координира понатамошниот развој и заедничката промоција.<br><br>Проектот ќе одговори на овие предизвици преку интегрирани инвестиции во туристичката инфраструктура, спроведување обуки за градење капацитети и заеднички промотивни активности, со цел Крушево и Елбасан да се развиваат како атрактивна, одржлива и конкурентна прекугранична туристичка дестинација. |
| **Краток опис на проектот** | Проектот има за цел да го поттикне одржливиот развој на туризмот и социо-економскиот развој во прекуграничниот регион Крушево – Елбасан. Неговата главна цел е да ја унапреди туристичката инфраструктура, да ги зајакне локалните капацитети и да ја продлабочи прекуграничната соработка, создавајќи долгорочни придобивки за локалните заедници и бизниси.<br><br>Инвестициите во инфраструктурата во Крушево опфаќаат изградба на ново полетувалиште за параглајдинг и уредување на современ спортски терен и простор за организирање настани во рамките на Спортско-рекреативниот центар „Гумење". Центарот ќе биде опремен со хортикултурно уредени пешачки патеки, паметно ЛЕД осветлување, урбана опрема и реконструирани спортски терени погодни за одржување на фестивали на отворено и рекреативни активности. Во Фунар, Елбасан, проектот ќе овозможи изградба на авантуристички парк, обележување на патеки до кањоните Допај и уредување на пристапен паркинг-простор во близина на туристичкиот информативен центар во Фунар. Овие инвестиции ќе создадат пристапна, безбедна и атрактивна инфраструктура за туристите и љубителите на спортовите на отворено.<br><br>Активностите за градење капацитети ќе бидат насочени кон локалните претприемачи и сопствениците на мали бизниси, преку обезбедување обуки за примена на одржливи туристички практики, принципите на циркуларната економија и работење со минимално создавање отпад. Преку работилници и советодавна поддршка, засегнатите страни ќе стекнат знаења и вештини за интегрирање на еколошки одржливи |

| | |
|---|---|
| | практики во своите услуги, со што ќе се зголеми отпорноста и конкурентноста на локалниот туристички сектор.<br><br>Проектот ќе воспостави прекугранична мрежа на клучните чинители, вклучувајќи туристички здруженија, даватели на услуги за сместување, културни институции и единици на локалната самоуправа. Оваа мрежа ќе овозможи редовни консултации, заедничко планирање на настани и координирани маркетинг активности. Со потпишување на Меморандум за соработка ќе се формализираат заедничките заложби и ќе се обезбеди координирано спроведување на активностите.<br><br>Промотивните активности ќе придонесат за зголемување на видливоста на регионот преку кампањи на социјалните медиуми, соопштенија за јавноста, студиски посети за новинари и инфлуенсери, како и организирање еднодневни јавни настани за промоција на локалните туристички атракции.<br><br>Очекуваните резултати од проектот вклучуваат подобрена туристичка инфраструктура, зајакнати капацитети на локалните чинители, унапредена прекугранична соработка и зголемена препознатливост на регионот. Крајни корисници на проектот ќе бидат локалното население, претприемачите, давателите на туристички и угостителски услуги, како и љубителите на спортовите и активностите на отворено. Проектот ќе придонесе за одржлив економски развој, привлекување поголем број посетители и подобрување на квалитетот на живот во прекуграничниот регион Крушево – Елбасан. |
| **Крајни корисници** | • **Локалните заедници** – Жителите на регионите Крушево и Елбасан ќе имаат корист од подобрените локални економии, отворање нови работни места и повисок квалитет на живот како резултат на зголемениот туристички промет и развојот на придружните услуги.<br>• **Туристичкиот и угостителскиот сектор** – Локалните бизниси, како што се хотели, пансиони, ресторани и кафулиња, ќе имаат придобивки од зголемениот број посетители и растот на приходите.<br>• **Љубители на спортовите на отворено и туризмот** – Членовите на клубови и здруженија за параглајдинг, планинарење и велосипедизам ќе добијат пристап до подобрена инфраструктура и подобри услови за рекреативни и спортски активности.<br>• **Локални претприемачи и мали бизниси** – Сопствениците на бизниси во туристичкиот сектор ќе стекнат нови знаења и вештини за примена на одржливи практики, што ќе придонесе за поголема отпорност, конкурентност и еколошка одржливост на нивното работење. |
| **Локација за спроведување на проектните** | • **Северна Македонија, Општина Крушево – град Крушево**<br>• **Албанија, Општина Елбасан** |

| | |
|---|---|
| **активности** | |
| **Цели** | **Општа цел:**<br>Да се поттикне примената на практики за одржлив развој на туризмот и социо-економскиот раст во прекуграничниот регион Крушево – Елбасан.<br><br>**Специфична (проектна) цел 1:**<br>Подобрена туристичка инфраструктура во регионот Крушево и Елбасан, со што ќе се привлечат повеќе посетители и ќе се поддржи економскиот раст на локалните бизниси.<br><br>**Специфична (проектна) цел 2:**<br>Зајакнати капацитети и подобрени услови за работење на локалните чинители и промовирање на иницијативи за вмрежување со цел ефективна прекугранична туристичка соработка. |
| **Активности** | **1. Подобрување на туристичката инфраструктура во Крушево**<br><br>• Изградба на полетувалиште за параглајдинг (површина од 2.000 м²).<br>• Развој на современ спортски терен и простор за организирање настани во Спортско-рекреативниот центар „Гумење“, вклучувајќи хортикултурно уредување, пешачки патеки, паметно ЛЕД осветлување, урбана опрема (клупи, корпи за отпадоци) и реконструкција на спортски терени погодни за фестивали и настани на отворено.<br><br>**2. Подобрување на туристичката инфраструктура во Фунар, Елбасан**<br><br>• Воспоставување авантуристички парк и уредување пристапен паркинг-простор во близина на туристичкиот информативен центар во Фунар.<br>• Поставување патокази и обележување на патеки до кањоните Допај.<br><br>Градежните активности ќе се реализираат согласно изработената проектна документација, националното законодавство, градежните прописи и стандардите за заштита на животната средина.<br><br>**3. Градење капацитети за локални претприемачи**<br><br>• Обезбедување обуки и поддршка за локалните претприемачи и сопствениците на мали бизниси за примена на одржливи, циркуларни и практики за туризам со минимално создавање отпад. |

| | |
|---|---|
| | • Организирање работилници за одржлив туризам и пристапи за развој на еко-туризам.<br><br>**4. Воспоставување регионална прекугранична мрежа**<br><br>• Подготовка на Меморандум за соработка со поддршка од правни и стручни експерти, со дефинирање на опсегот, целите и насоките за соработка.<br>• Спроведување консултации со засегнатите страни, вклучувајќи здруженија и клубови за параглајдерство, спорт, планинарење и велосипедизам, со цел да се обезбеди одговор на нивните потреби и очекувања.<br>• Организирање церемонија за потпишување на Меморандумот со цел формализирање на заложбите на засегнатите страни.<br>• Организирање тркалезни маси за заедничко креирање туристички понуди, планирање спортски и културни настани и развивање заеднички пристапи.<br>• Развивање комуникациски алатки и канали, како што се групи на социјални медиуми, со цел одржување на активна комуникација и вклученост на членовите на мрежата.<br><br>**5. Активности за видливост и промоција**<br><br>• Организирање еднодневни промотивни настани за претставување на локалните атракции и активности.<br>• Креирање и управување со кампањи на социјалните медиуми (Facebook и Instagram) насочени кон регионалната и поширокaта публика.<br>• Подготовка и дистрибуција на соопштенија за јавноста и медиумски пакети до локални, регионални и меѓународни медиуми.<br>• Организирање студиски (FAM) посети за новинари, блогери и инфлуенсери со цел запознавање со туристичките атракции на Крушево и Елбасан, обезбедување медиумска покриеност и привлекување нови посетители. |
| **Влијание**<br><br>**Проектни цели**<br><br>**Резултати** | **Влијание:** Да се поттикнат практиките за одржлив развој на туризмот и социо-економскиот раст во прекуграничниот регион Крушево – Елбасан.<br><br>**Специфична (проектна) цел 1:**<br>Подобрена туристичка инфраструктура во регионот Крушево и Елбасан, со што ќе се привлечат повеќе посетители и ќе се поддржи економскиот раст на локалните бизниси. Унапредените туристички содржини и капацитети ќе ја подобрат понудата за авантуристички и еко-туризам, ќе создадат побезбедна и поатрактивна средина за посетителите и ќе |

| | |
|---|---|
| | придонесат за зголемување на приходите и можностите за вработување кај локалните претпријатија.<br><br>**Специфична (проектна) цел 2:**<br>Зајакнати капацитети и подобрени перформанси на локалните чинители и промовирање иницијативи за вмрежување за ефективна прекугранична туристичка соработка. Локалните претприемачи и организации ќе стекнат знаења и вештини за примена на практиките за одржлив туризам, принципите на циркуларна економија и работење со минимално создавање отпад. Регионалната прекугранична мрежа ќе ја зајакне соработката, заедничките иницијативи и маркетинг стратегиите, обезбедувајќи долгорочна одржливост и подобрена видливост на регионот.<br><br>**Резултати:**<br>1. Подобрена туристичката инфраструктура во Крушево<br>2. Подобрена туристичката инфраструктура во Фунар, Елбасан<br>3. Изградени капацитети на локални претприемачи<br>4. Регионална прекугранична мрежа<br>5. Маркетинг кампањи<br>6. Зголемена видливост и атрактивност |
| **Факти** | Клучни факти и бројки релевантни за проектот:<br><br>***Факти**:* Траење на проекот: **32 месеци**<br>Почеток: 01.11.2025<br>Крај: 30.06.2028<br>***Бројки:*** **Вкупна вредност**: ***833,204.60*** €<br>**Учество на ЕУ: *708,223.91€***<br>Учество на ЕУ во %: **85%** |
| **Контакт** | Елизабета Ѓорѓиевска, АЛКА, elizabeta.gj@alka.org.mk, 075317070<br>Татјана Хасану. Општина Крушево, tatjana_has@yahoo.com, 075484605 |